Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 18.08.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 1797/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 03-19/6
18.08. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 14 седница одржана на 31.03.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Стоматолошки науки", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Стоматолошки науки", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручни назив: Доктор на стоматолошки науки /во меѓународен промет стручни назив: Doctor of dental sciences .

4. Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство
Научно – истражувачко поле: 304 Стоматологија
Научно – истражувачка област: 30400 - 30416.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Владимир Поповски 2. Проф. д-р Даница Поповиќ Моневска 3. Проф. д-р Алберто Бенедети 4. Проф. д-р Ќиро Ивановски 5. Проф. д-р Мирјана Поповска 6. Проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска 7. Проф. д-р Снежана Пешевска 8. Проф. д-р Силвана Георгиева 9. Проф. д-р Маја Пандилова 10. Проф. д-р Вера Радојкова Николовска 11. Проф. д-р Емилија Стефановска 12. Проф. д-р Кристина Митиќ 13. Проф. д-р Стевица Ристоска 14. Проф. д-р Катарина Дирјанска 15. Проф. д-р Соња Апостолска 16. Проф. д-р Лидија Поповска 17 Проф. д-р. Илијана Муратовска 18. Проф. д-р Василка Ренџова 19. Проф. д-р Елизабета Ѓоргиева 20. Проф. д-р Ана Сотировска Ивковска 21. Проф. д-р Златко Ѓеоргиевски 22. Проф. д-р Мира Јанкуловска 23. Проф. д-р Мери Павлеска 24. Проф. д-р Александар Димков 25. Проф. д-р Билјана Капушевска 26. Проф. д-р Весна Коруновска Стевковска 27. Проф. д-р Гордана Ковачевска 28. Проф. д-р Јадранка Бундевска 29. Проф. д-р Сашо Еленчевски 30. Проф. д-р Сања Панчевска 31. Проф. д-р Борис Величковски 32. Проф. д-р Оливер Димитровски 33. Проф. д-р Марија Пеева Петреска 34. Проф. д-р Марина

Кацарска 35. Проф. д-р Едвард Јанев 36. Проф. д-р Даниела Велеска Стевковска 37. Проф. д-р Лидија Кануркова 38. Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова 39. Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска 40. Проф. д-р Наташа Тошеска Спасова 41. Проф. д-р Билјана Ципунова.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената одлука бр. 02 - 134/44 од 29.01.2021 година од страна на Универзитетски сенат, за усвојување на студиската програма „Стоматолошки науки", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 19/1 од 12.02.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 24.02.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 19/3 од 16.04.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 14-та седница одржана на 31.03.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски